# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 4 Јули 2011 година<br>Службен гласник број 8<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп 300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА МАНДАТ НА ФУНКЦИЈАТА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП И ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ, НА ДИМИТАР СТЕВАНАНЏИЈА**

1.Решението за утврдување престанок на мандат на функцијата член на Советот на Општина Прилеп и престанок на функцијата претседател на Советот, на Димитар Стевананџија, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1278//1
04.07.2011 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 46 став 1 и 2 од Законот за локалната самоуправ ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 04.07.2011 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Прилеп и престанок на функцијата претседател на Советот, на Димитар Стевананџија

1. На членот на Советот на Општина Прилеп и претседател на Советот, Димитар Стевананџија, му се констатира престанок на мандатот на член на Советот на Општина Прилеп и престанок на функцијата претседател на Советот, со денот на верификацијата на мандатот за пратеник, односно со 25.06.2011 година, согласно член 8 став 5 од Изборниот законик.
2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".
3. Решението да се достави до именованиот, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 - 1274/2
04.07.2011 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАВАЧ
на седницатата на
Советот на Општина Прилеп
Прим. Д-р. Благоја Дамески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП, ОД ЛИСТАТА НА КАНДИДАТИ НА КОАЛИЦИЈАТА ВМРО - ДПМНЕ +, ЗА ОСТАТОКОТ НА МАНДАТОТ НА СОВЕТОТ**

1. Решението за верификација на мандат на член на Советот на Општина Прилеп, од листата на кандидати на коалицијата ВМРО - ДПМНЕ +, за остатокот на мандатот на Советот, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1278//2
04.07.2011 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 155 од Изборниот законик ("Службен весник на РМ" бр. 45/2011 - пречистен текст) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 04.07.2011 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за верификација на мандат на член на Советот на Општина Прилеп

1. На Јоска Богданоски му се верифицира мандатот за член на Советот на Општина Прилеп од листата на кандидати на коалицијата ВМРО - ДПМНЕ+, за остатокот на мандатот на Советот.

2. Свечената изјава, членот на Советот, ја потпишува пред претседавачот на седницата на Советот.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп.

4. Решението да се достави до именованиот, Градоначалникот, благајната и архивата на Општина Прилеп.

Број 07 - 1274/3
04.07.2011 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАВАЧ
на седницатата на
Советот на Општина Прилеп
Прим. Д-р. Благоја Дамески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗБИРНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНЕТАТА ШТЕТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ОД НЕВРЕМЕТО НА 09.06.2011 ГОДИНА**

1. Заклучокот за усвојување на Збирниот Извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп од невремето на 09.06.2011 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1278//3
04.07.2011 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 04.07.2011 година, Претресувајќи го Збирниот извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп од невремето на 09.06.2011 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Збирниот извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп од невремето на 09.06.2011 година во Општина Прилеп

1. Се усвојува Збирниот извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп од невремето на 09.06.2011 година, во Прилеп МВ "Маркова чешма, МВ "Институт Заград", МВ "Поводеници" и КО Кадино Село.

2. Заклучокот и Збирниот Извештај да се достават до Републичката комисија за проценка на штети при Владата на РМ, Министерството за финансии, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

3. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1274/4
04.07.2011 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАВАЧ
на седницатата на
Советот на Општина Прилеп
Прим. Д-р. Благоја Дамески

# СОДРЖИНА
## на "Службен гласник на општина Прилеп" бр. 8 од 04.07.2011 година

1. Решение за утврдување престанок на мандат на функцијата член на Советот на Општина Прилеп и престанок на функцијата претседател на Советот, на Димитар Стеванаџија..........................................................................................**стр. 1**

2. Решение за верификација на мандат на член на Советот на Општина Прилеп, од листата на кандидати на коалицијата ВМРО - ДПМНЕ +, за остатокот на мандатот на Советот.........................................................................................**стр. 2**

3. Заклучок за усвојување на Збирниот Извештај за проценетата штета на подрачјето на општина Прилеп од невремето на 09.06.2011 година................**стр. 2**

**Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Марјан Ристески – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Одделение за правни работи. Тираж: 60 примероци.**